Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.137/23-4
12.10.2023 година
Гевгелија

Претседателот на Основен суд Гевгелија Марица Аврамчева Зафирова, на ден 12.10.2023 година донесе:

# ИНТЕРЕН АКТ

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## ВО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Вработените во Основниот суд Гевгелија при извршувањето на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.

Судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, непотизам, и други прашања од значење за интегритетот претставуваат ризици од корупција.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, избрано или именувано лице, за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функцијата што ја врши со други функции или дејности, утврдени во Уставот и законите. Со истиот закон се регулира и дека функцијата Претседател на Република Северна Македонија, Претседател на Владата на РСМ, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на РСМ, Владата на РСМ или органите на локалната самоуправа, се неспоиви една со друга.

Службеното лице никогаш не треба да биде мотивирано во извршувањето на неговите службени должности од семејни, етнички, верски, политички или други лични интереси.

Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани лица и вработените во Основен суд Гевгелија.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги превземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести овластеното лице за интегритет.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Под поимот „Ризик од корупција“ согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појавана корупција во рамките на државни органи, или други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќање, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувања, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивни на закон, тргувања или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Постапување во случај на постоење судир на интереси**

Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да превземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги превземе сите неопходни мерки за да се спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести овластеното лице за интегритет.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа на покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со закон.

**Пријавување на состојба на судир на интереси**

Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за вработување е должно да го извести овластеното лице за интегритет за сите постапки што можат да предизвикат судир на интереси.

По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за вработувањето, овластеното лице за интегритет е должно да ги превземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.

Во случај на сомневање за постоење на судир на интереси службеното лице и овластеното лице за интегритет можат да побараат мислење од Државната комисија.

**Правни прописи и методологија**

Интерниот акт за управување со судир на интереси во Основен суд Гевгелија, е изготвен согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ бр.12/2019) и Упатството за изготвување на интерен акт за управување со судирот на интереси на Државната комисија за спречување на корупција.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Марица Аврамчева Зафирова